# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

**www.bitola.gov.mk**

**Број 19, година XLIX**
**понеделник, 10.12.2018**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 51 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 55 од Статутот на општина Битола („Службен гласник на општината Битола" бр.10/05 и 17/08), Градоначалникот на општина Битола на ден 20.12.2018 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
за запирање на објавувањето на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на општината Битола за 2018 година

1.СЕ ЗАПИРА објавувањето на Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на општината Битола за 2018 година, донесена на дваесет и петтата седница на Советот на општина Битола одржана на 05.12.2018 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На дваесет и петтата седница на Советот на општина Битола одржана на 05.12.2018 година, како точка на дневниот ред беше разгледана Одлука за пренамена на средствата во Буџетот на општината Битола за 2018 година, предложена од страна на Комисијата за финансии и буџет при Советот на општина Битола. Советот предложената одлука ја изгласа и ја донесе со мнозинство гласови.

Одлуката за пренамена на средствата во Буџетот е незаконска, затоа што за средствата кои преостанаа требаше повторно да биде објавен нов јавен повик за доделување на истите, а не на веќе постоечкиот. Средствата со завршување на повикот се исцрпени.

Заради погореизнесеното, донесувам решение како во диспозитивот.

Бр.08-1032/1
20.12.2018 година
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на општината Битола
м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Министерство за права-Управа за извршување на санкциите-КПУ Затвор Битола

1. Ја објавувам Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Министерство за права-Управа за извршување на санкциите-КПУ Затвор Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Министерство за права-Управа за извршување на санкциите - КПУ Затвор Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште Министерството за правда-Управата за извршување на санкциите-КПУ Затвор Битола за реконструкцијата на КПУ Затвор Битола на КП бр.5032 КО Битола.

### Член 2

Ослободувањето се врши со цел да се реализира грантот доделен во рамките на Националната програма ИПА II од Инструментот за претпристапна помош (ИПА) на Министерството за правда.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-168/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата од страна на Општина Битола за потребите на СОУ „Таки Даскало“

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата од страна на Општина Битола за потребите на СОУ „Таки Даскало“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Служ-бен весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Служ-бен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), а во врска со член 2 од Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола бр. 44-9680/1 од 13.11.2018 година на Владата на РМ, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата од страна на Општина Битола за потребите на СОУ „Таки Даскало“

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола го прифаќа давањето на трајно користење без надоместок на движни ствари:

1. Интерактивна табла-марка GAOKE модел GK-880G/82S
2. Проектор-марка EPSON модел EB 108 и
3. Плафонски држач за проектор-метален

### Член 2

Градоначалникот на Општина Битола ќе склучи договор со кој подетално ќе се уредат правата и обврските за движната ствар од член 1 на оваа Одлука.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-168/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата на РМ од страна на Општина Битола за потребите на ОУ „Коле Канински“ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата на РМ од страна на Општина Битола за потребите на ОУ „Коле Канински“ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), а во врска со член 2 од Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола бр. 44-9713/1 од 13.11.2018 година на Владата на РМ, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата на РМ од страна на Општина Битола за потребите на ОУ „Коле Канински“ Битола

### Член 1

Со оваа Одлука Општина Битола го прифаќа давањето на трајно користење без надоместок на движни ствари:

1. Интерактивна табла-марка GAOKE модел GK-880G/82S
2. Проектор-марка EPSON модел EB 108 и
3. Плафонски држач за проектор-метален

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Битола ќе склучи договор со кој подетално ќе се уредат правата и обврските за движната ствар од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-168/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2018 година во Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2018 година во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), а во врска со член 20–б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14...198/18) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2018 година во Општината Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2018 година во Општината Битола Бр. 04-261/1 од 03.12.2018.

**Член 2**

По добиената согласност Градоначалникот на Општина Битола да ја донесе Измената на Годишниот план за вработување за 2018 година во Општината Битола за 2018 година и да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-168/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за кофинансирање на проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Битола за давање на услуги од регионално значење“-набавка на противпожарно возило за потребите на ТППЕ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за кофинансирање на проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Битола за давање на услуги од регионално значење“-набавка на

противпожарно возило за потребите на ТППЕ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за кофинансирање на проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Битола за давање на услуги од регионално значење“-набавка на противпожарно возило за потребите на ТППЕ Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност Општина Битола да учествува со кофинансирање на проектот„Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Битола за давање на услуги од регионално значење“-набавка на противпожарно возило за потребите на ТППЕ Битола во максимален износ до 2.500.000 ден.

**Член 2**

Општина Битола за реализација на проектот ќе кофинансира финансиски средства во максимален износ до 2.500.000 ден, а средствата се обезбедени од Буџетот на Општината за 2019 год.

**Член 3**

Проектот преку Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион се поднесува до Бирото за регионален развој и користење средства за финансирање на проекти за развој на планските региони од Програмата за Рамномерен регионален развој за 2019 год.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.09-168/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проектот „Павиљони за продажба во партер на управна зграда на ЈП Пазари во Битола“

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на приоритет на проектот „Павиљони за продажба во партер на управна зграда на ЈП Пазари во Битола“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на приоритет на проектот „Павиљони за продажба во партер на управна зграда на ЈП Пазари во Битола“

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот „Павиљони за продажба во партер на управна зграда на ЈП Пазари во Битола“

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.09-168/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проектот „Промена на фасадна столарија согласно извештај од спроведена општа енергетска контрола на дирекцијата на ЈП ПАЗАРИ во Битола“

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на приоритет на проектот „Промена на фасадна столарија согласно извештај од спроведена општа енергетска контрола на дирекцијата на ЈП ПАЗАРИ во Битола“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на приоритет на проектот „Промена на фасадна столарија согласно извештај од спроведена општа енергетска контрола на дирекцијата на ЈП ПАЗАРИ во Битола“

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот „Промена на фасадна столарија согласно извештај од спроведена општа енергетска контрола на дирекцијата на ЈП ПАЗАРИ во Битола“

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-168/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на приоритет на проектот „ПРОЕКТ за ОДРЖУВАЊЕ за објект Тоалети во ПАЗАРОТ - Општина Битола“

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на приоритет на проектот „ПРОЕКТ за ОДРЖУВАЊЕ за објект Тоалети во ПАЗАРОТ – Општина Битола“, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на приоритет на проектот „ПРОЕКТ за ОДРЖУВАЊЕ за објект Тоалети во ПАЗАРОТ - Општина Битола“

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува приоритет на проектот „ПРОЕКТ за ОДРЖУВАЊЕ за објект Тоалети во ПАЗАРОТ – Општина Битола“.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-168/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за примање на донација во вид на услуга-изградба на полигон за почетно оспособување и полагање на кандидати за возачи на подрачјето на Општина Битола дадена од страна на Друштво за услуги Сообраќаен испитен центар АМ ДООЕЛ Битола

1. Ја објавувам Одлуката за примање на донација во вид на услуга-изградба на полигон за почетно оспособување и полагање на кандидати за возачи на подрачјето на Општина Битола дадена од страна на Друштво за услуги Сообраќаен испитен центар АМ ДООЕЛ Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Б и т о л а м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр.47/06...153/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## ОДЛУКА
## за примање на донација во вид на услуга-изградба на полигон за почетно оспособување и полагање на кандидати за возачи на подрачјето на Општина Битола дадена од страна на Друштво за услуги Сообраќаен испитен центар АМ ДООЕЛ Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола во својство на примател ја прима донацијата од правно лице Друштво за услуги Сообраќаен испитен центар АМ ДООЕЛ Битола во вид на услуга-изградба на полигон за почетно оспособување и полагање на кандидати за возачи на подрачјето на Општина Битола согласно проект и одобрение за градење.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се овластува и задолжува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со давателот на донацијата со кој подетално ќе биде уреден начинот на користење на донацијата.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.09-168/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлука за измена и дополнување на Статутот на КЈП „Нискоградба“ Битола (бр.01-211/1 од 23.03.2018 год.) бр.02-942/4 од 04.12.2018 год.

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлука за измена и дополнување на Статутот на КЈП „Нискоградба“ Битола (бр.01-211/1 од 23.03.2018 год.) бр.02-942/4 од 04.12.2018 год., донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ бр. 38/96...64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлука за измена и дополнување на Статутот на КЈП „Нискоградба“ Битола (бр.01-211/1 од 23.03.2018 год.) бр.02-942/4 од 04.12.2018 год.

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на КЈП „Нискоградба“ Битола (бр.01-211/1 од 23.03.2018 год.) бр. 02-942/4 од 04.12.2018 год., донесена на седницата на Управниот одбор на КЈП „Нискоградба“ Битола.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавено во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-168/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот со кој се бара од Владата на РМ на првата наредна седница да донесе Одлука за субвенционирање на цената на струјата за граѓаните на Општина Битола

1. Го објавувам Заклучокот со кој се бара од Владата на РМ на првата наредна седница да донесе Одлука за субвенционирање на цената на струјата за граѓаните на Општина Битола, донесен на седницата на Советот на Општина Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## со кој се бара од Владата на РМ на првата наредна седница да донесе Одлука за субвенционирање на цената на струјата за граѓаните на Општина Битола

1. Советот на Општината Битола донесе Заклучок да се обрати до Владата на РМ за донесување на Одлука за субвенционирање на цената на струјата за граѓаните на Општина Битола.

2. Се овластува претседателот на Советот на Општината Битола со писмен допис да побара од Владата донесување на одлука како во точка 1 од овој заклучок.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-168/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05 и 17/08), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за имплементирање и интензивирање на краткорочни мерки кои произлегуваат од ЛЕАП, а кои се однесуваат на загадување на амбиенталниот воздух

1. Го објавувам Заклучокот за имплементирање и интензивирање на краткорочни мерки кои произлегуваат од ЛЕАП, а кои се однесуваат на загадување на амбиенталниот воздух, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 05.12.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-989/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.12.2018 год. на Општината Битола,
Битола м-р Наташа Петровска

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05 и 17/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 05.12.2018 година, донесе

## ЗАКЛУЧОК
## за имплементирање и интензивирање на краткорочни мерки кои произлегуваат од ЛЕАП, а кои се однесуваат на загадување на амбиенталниот воздух

1. Се задолжува Општината Битола да започне со имплементирање и интензивирање на краткорочните мерки кои произлегуваат од Локалниот еколошки акционен план на Општина Битола, а кои се однесуваат на загадување на амбиенталниот воздух во Општина Битола.

2. Се задолжува Комисијата за животна средина да врши надзор над имплементирањето на мерките и да поднесе Извештај за реализација како и да предлага нови мерки.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-168/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
05.12.2018 г. на Советот на Општината Битола
Битола Валентин Груевски

# С О Д Р Ж И Н А

Р Е Ш Е Н И Е за запирање на објавувањето на Одлуката за пренамена на средствата во Буџетот на Општината Битола за 2018 година ........ 1

ОДЛУКА за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Министерство за правa-Управа за извршување на санкциите - КПУ Затвор Битола ........ 2

О Д Л У К А за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата од страна на Општина Битола за потребите на СОУ „Таки Даскало“ ........ 3

О Д Л У К А за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата на РМ од страна на Општина Битола за потребите на ОУ „Коле Канински“ Битола ........ 3

О Д Л У К А за давање согласност на Измена на Годишниот план за вработување за 2018 година во Општината Битола ........ 4

О Д Л У К А за кофинансирање на проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Битола за давање на услуги од регионално значење“-набавка на противпожарно возило за потребите на ТППЕ Битола ........ 5

О Д Л У К А за утврдување на приоритет на проектот „Павиљони за продажба во партер на управна зграда на ЈП Пазари во Битола“ ........ 6

О Д Л У К А за утврдување на приоритет на проектот „Промена на фасадна столарија согласно извештај од спроведена општа енергетска контрола на дирекцијата на ЈП ПАЗАРИ во Битола“ ........ 6

О Д Л У К А за утврдување на приоритет на проектот „ПРОЕКТ за ОДРЖУВАЊЕ за објект Тоалети во ПАЗАРОТ – Општина Битола“ ........ 7

ОДЛУКА за примање на донација во вид на услуга-изградба на полигон за почетно оспособување и полагање на кандидати за возачи на подрачјето на Општина Битола дадена од страна на Друштво за услуги Сообраќаен испитен центар АМ ДООЕЛ Битола ........ 7

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлука за измена и дополнување на Статутот на КЈП „Нискоградба“ Битола (бр.01-211/1 од 23.03.2018 год.) бр.02-942/4 од 04.12.2018 год. ... 8

ЗАКЛУЧОК со кој се бара од Владата на РМ на првата наредна седница да донесе Одлука за субвенционирање на цената на струјата за граѓаните на Општина Битола ........ 9

ЗАКЛУЧОК за имплементирање и интензивирање на краткорочни мерки кои произлегуваат од ЛЕАП, а кои се однесуваат на загадување на амбиенталниот воздух ........ 9

ОВАА СТРАНИЦА Е ПРАЗНА

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211